Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-363/4
31-07-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-363/1 од 05.04.2024 година поднесена од [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] во Скопје, против Влада на Република Северна Македонија – Министерство за труд и социјална политика, за извршена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус во областа на социјалната сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на лично својство и општествен статус во областа на социјалната сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита, од страна на Владата на Република Северна Македонија – Министерство за труд и социјална политика, кон подносителката [redacted] од Скопје

## О б р а з л о ж е н и е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ( во понатамошниот текст: Комисијата ) поднесена е претставка бр. 08-363/1 од 05.04.2024 година, од страна на лицето [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] во Скопје, за сторена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус во областа на социјалната сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита, од страна на Владата на Република Северна Македонија – Министерство за труд и социјална политика.

Во претставката подносителката наведува дека во Законот за финансиска поддршка на социјално ранливите категории на граѓани ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 269/23), во членот 2 меѓу набројаните корисници на финансиска поддршка, ги немало социјално ранливите категории на граѓани кои оствариле право на социјална сигурност на старите лица согласно Закон за социјална сигурност на старите лица ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 104/19). Подносителката наведува дека во категоријата на социјално ранливи граѓани

кои оствариле право на социјална сигурност на стари лица спаѓа и таа самата видно од Решение на Јавна Установа Меѓуопштински центар за социјални работи Скопје – Центар бр. УП 1 1302-404 од 07.08.2020 година. Според Закон за финансиска поддршка на социјално ранливите категории на граѓани, за справување со енергетската криза финансиска поддршка добиле и социјално ранливите категории на граѓани кои оствариле право на социјална сигурност за старите лица. Истата финансиска поддршка ја добила и именуваната почнувајчи од месец декември, и тоа во тек на 4 (четири) месеци по 3.000,00 денари. Понатаму подносителката наведува дека со недобивање на финансиска поддршка таа била ставена во понеповолна положба во однос на другите корисници, односно пензионерите кои остварувале право на пензија од 19.000,00 денари. Таа според горенаведеното решение била примател на 6.048,00 денари. Со наведениот закон според подносителката извршена била како директна така и индиректна дискриминација врз поголема група на најранливи граѓани кои со социјалната помош не биле во можност да живеат туку секојдневно се бореле да се одржат во живот, а неретко некои од нив немале средства ниту за лекови. Според подносителката, спротивно на Уставот на државата, на Законот за спречување и заштита од дискриминација и меѓународните договори ратификувани од страна на државата, повредени и биле основните човекови права, брутално и била загрозена нужната егзистенција и била сторена дискриминација.

Со оглед на наведеното, Комисијата на 19.04.2024 година со Барање број 08-363/2 се обрати до Министерство за труд и социјална политика, заради произнесување по наводите во претставката. По ова на 09.05.2024 година во Комисијата е пристигнат Одговор на барање за произнесување број УПП.бр. 10-23/2024 од 07.05.2024 година година на Министерство за труд и социјална политика.
Во доставениот одговор потенцијалниот дискриминатор истакнува дека наводите во претставката биле неиздржани и неосновани во целост. Наведува дека со член 1 од Законот за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани се уредуваат корисниците, висината, начинот, за обезбедувањье и исплатата на финансиската поддршка на социјално ранливите категории на граѓани, а согласно <u>член 2</u> од истиот закон, корисници на финансиска поддршка која се обезбедува согласно со овој закон се лица од социјално ранливи категории на граѓани, и тоа: <u>корисници на посебен додаток, корисници на право на надоместок заради попреченост, самохрани родители кои се евидентирани корисници на гарантирана минимална помош, корисници на право на пензија во висина до 19.000,00 денари, ученици од основно, односно средно образование чии семејства имаат вкупни месечни приходи од нето плата до 50.000,00 денари и студенти кои живеат надвор од местото на живеење.</u> Со посочените одредби според изнесеното не се вршела индиректна дискриминација бидејќи законодавецот со ова утврдил услови и начин на остварување и користење на правото. Правната основа на овој закон биле член 34 од Уставот на државата со кој е уредено дека граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и со колективен договор, како и член 35 од Уставот со кој е уредено дека Републиката се грижи за социјална заштита и


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност, им гарантира право на помош на немоќните и на неспособните за работа граѓани, им обезбедува посебна заштита на инвалидните лица и услови за нивно вклучување во општествениот живот.

Понатаму, согласно член 3 став (4) од Закон за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 269/23) "Корисници на пензија" се државјани на Република Северна Македонија кои се стекнале со право на пензија или на сразмерен дел на пензија во Република Северна Македонија и живеат во Република Северна Македонија, кои заклучно со месецот на влегување во сила на овој закон оствариле доход по основа на пензија во висина не поголема од 19.000,00 денари месечно, согласно податоците од евиденцијата на Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија.

Во произнесувањето понатаму се наведува дека лицето [redacted] е евидентирана во системот на социјална заштита согласно Закон за социјална сигурност за стари лица ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 104/19), односно истата е корисник на право на социјална сигурност за старите лица. Се наведува дека согласно член 1 од овој закон, е уредено дека "Со овој закон се уредува социјалната сигурност за старите лица, условите и постапката за остварување и финансирањето на правото на социјална сигурност за старите лица". Понатаму во член 2 се уредува дека "Социјалната сигурност за старите лица се обезбедува согласно со начелата на социјална праведност, хуманост и солидарност". Согласно член 3 од истиот закон "Право на социјална сигурност за старите лица има лице со навршени 65 години возраст под услови утврдени со овој закон. Ако подносителот на барањето за остварување на правото од став (1) на овој член има брачен другар или лице со кое живее во вонбрачна заедница со навршени 65 години возраст, правото го остварува само едно од лицата". Понатаму, согласно член 4 од законот, "Право на социјална сигурност за старите лица, лицето од член 3 став (1) на законот го остварува ако

- Има државјанство на Република Северна Македонија;
- Има постојано место на живеење во Република Северна Македонија во последните 15 години пред поднесување на барањето;
- Нема во сопственост имот и имотни права од кои може да се издржува;
- Не е корисник на пензија од Република Северна Македонија или вид на исплата по основ на старост, инвалидност или доживување од друга држава и
- Не остварило приходи по сите основи во последните три месеци пред поднесување на барањето. Условите од став 1 точки 3, 4 и 5 од овој член се однесуваат и на неговиот брачен другар или лицето со кое живее во вонбрачна заедница".

Во член 6 од законот е уредено дека "Висината на месечниот износ на правото на социјална сигурност за старите лица изнесува 6.000,00 денари. Висината на месечниот износ на правото на социјална сигурност за старите лица се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавениод Државен завод за статистика во јануари во тековната година. Во случај кога нема пораст на трошоците на живот за

претходната година не се врши усогласување на висината на правото на социјална сигурност за старите лица".

Согласно член 7 од законот од истиот закон, "Корисникот на правото на социјална сигурност за старите лица има право на паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството, за месеците од октомври до март. Месечниот износ на висината на додатокот изнесува 1.000,00 денари месечно, усогласена со порастот на трошоците на живот за претходната година објавени од Државен завод за статистика во јануари за тековната година. Овој паричен додаток во случај кога корисникот е член на домаќинство се остварува само кога домаќинството не го користи овој додаток согласно Закон за социјалната заштита".

Во член 8 од законот се уредува дека "На корисникот на правото на социјална сигурност за старите лица му се обезбедува право на здравствена заштита, согласно со овој закон и прописите од областа на здравственото осигурување. Здравствената заштита се обезбедува само доколку не може да се стекне со осигурување по друга основа".

Понатаму во произнсувањето се наведува дека потребата од донесување на Законот за финансиска поддршка на социјално ранливите категории на граѓани ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 269/23) е обезбедување на дополнителна државна финансиска поддршка на повеќе ранливи категории на граѓани кои се опфатени со основните материјални закони врз основа на кои лицата остваруваат право на сигурност и заштита од страна на државата. Поради овие причини Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука изготвиле посебен Закон за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани со кој се овозможува паричните средства да бидат наменети кон оние граѓани на кои им се најмногу потребни со цел справување со продолжените ефекти од енергетската и ценовната криза на најранливите категории на граѓани, во зависност од материјалната состојба на семејството, за конкретното право за кое е поднесена претставката, бидејќи целта на социјалната политика е поддршка и заштита на социјално загрозени семејства.

Правото на социјална сигурност на старите лица се обезбедува и остварува согласно посебен закон, односно Закон за социјална сигурност за старите лица ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 104/19) и во усвоениот Закон за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани не е опфатена оваа категорија. Во произнесувањето се наведува дека подносителката на претставката не го навела фактот дека условите за остварување на правото на старосна пензија и условите за остварување на правото на социјална сигурност се сосема различни права, односно условите за остварување на правото на социјална сигурност се многу поповолни па од таа причина законодавецот утврдил финансиска поддршка само за корисниците на пензија согласно податоците од евиденцијата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија.

Поради сето горно, според Министерството за труд и социјална политика, наводите изнесени во претставката за постоење на дискриминаторска одредба во член 2 од

Закон за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 269/23) биле неосновани во целост.

Врз основа на наводите во претставката, и произнесувањето, односно одговорот на потенцијалниот дискриминатор по истата, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба: подносителката на претставката [redacted] од Скопје е корисник на правото на социјална сигурност за старите лица согласно Законот за социјална сигурност за старите лица. Висината на месечниот износ на ова право изнесува 6.000,00 денари и истата се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државен завод за статистика во јануари во тековната година. Во овој закон, во член 7 е определено дека корисникот на правото на социјална сигурност за старите лица има право на паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството, за месеците од октомври до март. Месечниот износ на висината на додатокот изнесува 1.000,00 денари месечно, усогласена со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државен завод за статистика, во јануари за тековната година. Во законот притоа не се сретнува ограничување на можноста за остварување на ваквото право од член 7 на законот. Законот за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани пак, обезбедува дополнителна државна финансиска поддршка на повеќе ранливи категории на граѓани опфатени со основните материјални закони врз основа на кои лицата остваруваат право на сигурност и заштита од страна на државата и овој закон не ги опфаќа лицата кои остваруваат право на социјална сигурност за старите лица. Крајно, подносителката на претставката не е корисник на пензија од Република Северна Македонија или вид на исплата по основ на старост, инвалидност или доживување од друга држава, што е еден од условите да го оствари правото на социјална сигурност за старите лица, конкретно утврден со член 4 став (1) точка 4 од Закон за социјална сигурност за старите лица. Различно од ова, корисници на финансиска поддршка која се обезбедува согласно Закон за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани, меѓурдругите се корисници на право на пензија во висина до 19.000,00 денари.Финансиската поддршка за овие корисници е за период од пет месеци сметано од декември 2023 година. Дотолку повеќе што условите пропишани за остварување на право на социјална сигурност се поповолни па следствено е и одлуката на законодавецот кој ги социјално ранливите категории на граѓани кои можат да ја остварат финансиската поддршка согласно наведениот закон.

Согласно сето изнесено, Комисијата констатира дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација утврдена со член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација која гласи: ***"Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други"*** , односно утврди дека кон лицето [redacted] не е сторена дискриминација од

страна на Владата на Република Северна Маедонија - Министерство за труд и социјална политика. Воедно, се посочува на член 7 став (1) од Закон за спречување и заштита од дискриминација согласно кој, *нема да се сметаат за дискриминација мерките и дејствата што се преземаат со единствена цел да се отстрани нееднаквото уживање на човековите права и слободи сè додека не се постигне фактичка еднаквост на лице или група, ако разликувањето е оправдано и објективно, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно соодветни и неопходни.*

Врз основа на сето погоре, се одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Скопје,
31.07.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]
- Министерство за труд и социјална политика
  ул. "Даме Груев", бр. 14, Скопје
- Архива на КСЗД